10-187/2
17.02.2023

**Општина Шуто Оризари-KomunaRepublika onise Orizari-Komuna Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 64/18), Градоначалникот на Општина Шуто Оризари-Скопје, го издава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Детален урбанистички план и сите други заинтересирани субјекти, дека Градоначалникот на Општина Шуто Оризари-Скопје донесе Одлука за спроведување на:

**ПОВТОРЕНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**

**по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт С.08 блок С.08.04 во Општина Шуто Оризари-Скопје за плански период 2018-2023 година**

Границата на зафатот е дефинирана:

-на северозапад по осовината на новопланирана сервисна улица ,,С3'' и ,,С2'' делови од улиците ,,Бутелски венец'' и ,,Вашингтонска''

-на североисточно и југоисточно по новопланирана сервисна улица ,,С4''

-на запад по осовината на собирна улица ,,Индира Ганди'' (улица ,,Шуто Оризари'')

-вкупната површина опфатена во рамките на опишаната граници изнесува 15,38 ха

Повторената Јавна презентација по Предлог на Детален урбанистички план за Градска четврт С.08 блок С.08.04 во Општина Шуто Оризари за плански период 2018-2023 година ќе се оддржи во просториите на Општина Шуто Оризари-Скопје (улица ,,Хаџи Јован Шишко'' бр.36) во салата за состаноци на Советот на Општина Шуто Оризари, на ден 27.02.2023 година, во 10:00 часот.

Повторената јавна анкета (трет пат) согласно член 35 став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 64/18), ќе трае 5 (пет работни дена) од 22.02.2023 година, заклучно со 28.02.2023 година.

Предлог Деталниот урбанистички план за Градска четврт С08 блок С08.04 во Општина Шуто Оризари, за плански период 2018-2023 година , ќе биде изложен во влезниот хол на административната општинска зграда секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот, во период од 22.02.2023 година, заклучно со 28.02.2023 година (5 работни дена).

Соопштението за организирање на повторената јавна презентација и јавна анкета ќе биде објавено на ВЕБ СТРАНАТА на Општина Шуто Оризари-Скопје www.sutoorizari.gov.mk, на информацискиот систем Е-Урбанизам и во дневните весници ,, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ'' и ,,КОХА''.

Се известуваат сите заинтересирани физички и правни лица, дека своите забелешки и предлози по предлогот на наведениот ДУП, можат да ги достават со пополнување на Анкетен лист на лице место или писмено во хартиена форма или електронски, преку информацискиот систем Е-УРБАНИЗАМ , во определениот рок додека трае јавната анкета и јавната презентација, за истиот.

Контакт телефони:02261466, 078/419-798 и email info@sutoorizari.gov.mk

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
КУРТО ДУДУШ